**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

# ШЕСТОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**СКОПЈЕ, Јуни 2009**

**ВОВЕД**

Согласно член 15 став 2 од Законот за катастар на недвижности Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошен текст АКН) секои шест месеци доставува извештај за работата на АКН до Владата на Република Македонија. Извештајот содржи податоци за видот и обемот на работите од надлежност на АКН во периодот од ноември 2008 година до 31.05.2009.

Во извештајот работите од надлежност на АКН според видот на работите се групирани во следните точки:

- *Тековни активности*
- *Работа на Управниот Одбор;*
- *Јавни набавки;*
- *Приходи и расходи;*

**ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**

Во изминатиов период Агенцијата за катастар на недвижности спроведе низа реформски активности во насока на ефикасно функционирање по примерот на европските Агенции за катастар.

Севкупните реформски активности се со крајна цел:

- забрзување на процесот на запишување на правата на недвижностите на целата територија на Република Македонија, и

- поедноставување на процедурите преку реорганизација на шалтерските функции, воведување на автоматизација, информатичка технологија и ефикасни услуги за запишување на правата на недвижностите

**Востановување на катастар на недвижности**

Катастар на недвижности (во натамошен текст КН), согласно Годишната програма за работа за 2009 година и усвоениот план за востановување на КН за 2008/2009 година, во периодот од 06.11.2008 до 31.05.2009 година е востановен **на 149 катастарски општини, со вкупна површина од 175.240 ХА, што претставува 6,89 % од територијата на Република Македонија.**

На крајот од 2008 година КН беше востановен на 84,42 %, за да на крајот од мај 2009 тој да изнесува 88,34 % од територијата на РМ.

Во следниот графикон е прикажана динамиката на востановување на КН




До крајот на 2009 година се планира да се востанови КН на 100 % од територијата на Република Македонија.

По сектори, процентот на востановен КН е претставен во следниот графикон:



Во следниот графикон е даден процентот на востановен КН од 06.11.2008 до 31.05.2009:




**Одржување на катастар на земјиште и катастар на недвижностите**

Се врши во 29 подрачни одделенија и во Центарот за КН Скопје, на вкупно 1698 катастарски општини.

Во изминативе две години, драстично е намален бројот на нерешени предмети. Ваквиот тренд е забележителен и покрај видно зголемениот број на новопримени предмети последниве години. Последново се должи на зголемениот процент на востановен катастар на недвижности.

Конкретно, претставено во бројки, глобалната статистика на намалување на бројот на нерешени предмети е следнава: крајот на 2005 година 21.990 нерешени предмети, крајот на 2006 - 19.329, крајот 2007 - 8.929 нерешени предмети.

**На крајот на октомври 2008 бројот на нерешени предмети изнесуваше 5.624, а на крајот на мај 2009 бројот на нерешени предмети изнесува 2.412, што значи дека за периодот од 06.11.2008 до 31.05.2009 имаме намалување од 57 %.**

Во следниот графикон е дадена динамиката на намалување на бројот на нерешени предмети по месеци.




Вкупниот број на примени предмети во 2005 година изнесуваше 323.695, во 2006 год. примени се 337.040 нови предмети, во 2007 примени се 389.447 нови предмети и во 2008 година примени се вкупно 636.778 предмети, што претставува зголемување од 63,5% на бројот на нови предмети во однос на 2007 година.

Во периодот од 01.11.2008 до 31.05.2009 година во Центарот за КН Скопје и 29 подрачни одделенија за КН се примени вкупно 342.580 нови предмети.

Со оваа динамика очекуваме да бројот на новопримени предмети до крајот на 2009 изнесува околу 850.000 предмети.

Во следниот дијаграм е прикажана динамиката на зголемување на бројот на предметите во последните години:




По сектори бројот на примени предмети е прикажан во следниот дијаграм:




.

**Имплементација на Е-катастар-Скопје**

Системот за електронски катастар е во својата завршна фаза. Во првата половина на Мај 2009 година, во ЦКН Скопје е извршено тестирање на функционалноста на системот од страна на крајните корисници на системот: шалтерски работници, операт, геодети, правници, службеници за внес и бришење на хипотеки, како и нивните раководители. Според извештајот од тестирањето на функционалноста, во тестирањето беа вклучени 57 катастарски службеници од ЦКН Скопје и 10 раководители. Резултатите од тестирањето според извештајот се: 86,35% успешно завршени предмети, 12,17% успешно завршени предмети со помали грешки и 1,48 % неуспешно завршени предмети. Тестирањето е вршено на вкупно 207 предмети во кои се опфатени 339 постапки. Грешките кои се појавија во текот на тестирањето во најголем дел се одстрануваа од страна на изведувачот во најкраток можен рок во текот на самото тестирање, а помал дел се во тек на отстранување. По извршените корекции на софтверот, процентот на успешно завршени предмети се искачи на над 95%. Со оглед на фактите претставени погоре, може да се заклучи дека тестот на функционалноста на системот е поминат успешно. Финалната верзија на системот во моментот се имплементира во Центарот за катастар на недвижности Скопје. Предметите од една катастарска општина се внесуваат паралелно во двата системи, новиот и стариот. Планирано е да се зголемува бројот на Кататарски општини кои се процесираат во новиот систем периодично според планот, двапати месечно. Ваквиот начин на имплементација го сведува ризикот за имплементација на минимум а истовремено овозможува постепена обука и вклучување на сите вработени во имплементацијата и користењето на системот.

## РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2009 ДО 31.05.2009

Во периодот од 01.01.2009 година заклучно со 31.05.2009 година Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности одржа вкупно 5 седници.

На својата **шеста редовна седница** одржана на 08.01.2009 година Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги донесе следните акти:

- Одлука за усвојување на Планот за јавни набавки на Агенцијата за катастар на недвижности, за потребите во текот на 2009 година;
- Одлука за дополнителна изработка на печати и штембили

Правилници:

- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за премер, обработка и обликување на податоците од премерот;

На својата **седма редовна седница** одржана на 23.01.2009 година Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги донесе следните акти:

- Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на распоредот на работното време во Центарот за катастар на недвижности - Скопје при Агенцијата за катастар на недвижности, бр. 02-15878/1 од 04.11.2008 година;

Правилници:

- Правилник за внатрешна организација и работа на Агенцијата за катастар на недвижности, бр. 01-1046/1 од 23.01.2009 година;
- Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за катастар на недвижности, бр. 01-1047/1 од 23.01.2009 година;
- Правилник за системот на плати, надоместоци на плати и други надоместоци на вработените, бр. 01-1048/1 од 23.01.2009 година.

На својата **осма редовна седница** одржана на 20.02.2009 година Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги донесе следните акти:

- Кодекс за професионално однесување на катастарските службеници во Агенцијата за катастар на недвижности при остварување и водење на комуникација со граѓаните, бр. 03-3463/1 од 20.02.2009 година;
- Правилник за начинот на изработка на топографските карти, бр. 01-3464/1 од 20.02.2009 година.

На својата **деветта редовна седница** одржана на 12.05.2009 година Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги донесе следните акти:

- Правилник за оценување на вработените во Агенцијата за катастар на недвижности, бр. 01-7821/1 од 12.05.2009 година;
- Правилник за начинот И постапката за водење регистар на просторни единици, бр. 01-7822/1од 12.05.2009 година.
- Правилник за изменување И дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за катастар на недвижности, бр.01-1047/2 од 12.05.2009 година;

На својата **десетта редовна седница** одржана на 02.06.2009 година Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги донесе следните акти:

- Одлука за право на надоместок за репрезентација,
- Одлука за ограничување на висината на сметката на службените мобилни телефони, 02-9212/1 од 09.06.2009 година.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Јавните набавки во Агенцијата за катастар на недвижности се извршени по Годишен план за јавни набавки на Агенцијата за катастар на недвижности број 01-147/1 од 08.01.2009 година. Прегледот на извршените јавни набавки и набавки кои се во тек во периодот од 01.01. до 31.05.2009 година е даден во следната табела:

**Преглед на реализацијата на Планот за јавни набавки за 2009 година.**

| Р.Б. | назив на набавка | постапка на јавна набавка | цена по план | склучени договори | Реализација на планот за ЈН |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тонери, кертриџи и рибони | отворен повик | 8.000.000 | 7.729.299 | 19,30% |
| 2 | Огласи во дневен печат | отворен повик | 1.700.000 | 1.700.000 | 100,00% |
| 3 | Канцелариски материјал | отворен повик | 1.300.000 | 1.167.771 | 89,83% |
| 4 | Хартија компјутерска и копирање | отворен повик | 2.600.000 | 1.837.350 | 70,67% |
| 5 | Опрема за воспоставување на ВПН линии | отворен повик | 21.000.000 | | 0,00% |
| 6 | Систем за регистрација на работно време и ПП дојава - Гостивар Велес | отворен повик | 660.000 | 241.532 | 36,60% |
| 7 | Информатичка и видео опрема | отворен повик | 1.600.000 | 1.288.303 | 80,52% |
| 8 | Флетбед скенер А0 формат | отворен повик | 2.300.000 | | 0,00% |
| 9 | Опрема за систем сала | отворен повик | 4.200.000 | 2.503.221 | 59,60% |
| 10 | УПС (непрекинато напојување) | отворен повик | 1.300.000 | 1.296.716 | 99,75% |
| 11 | Набавка и монтажа на опрема за санација на мрежа | отворен повик | 2.500.000 | 2.500.000 | 100,00% |
| 12 | Набавка на USB PKI | отворен повик | 1.000.000 | | 0,00% |
| 13 | Набавка на лиценци за MS Office | отворен повик | 3.100.000 | | 0,00% |
| 14 | Набавка на лиценци за Antivirus | отворен повик | 620.000 | | 0,00% |
| 15 | Укоричување на канцелариски списи | отворен повик | 500.000 | 500.000 | 100,00% |
| 16 | ХТЗ опрема | отворен повик | 1.600.000 | | 0,00% |
| 17 | Средства за одржување хигиена | отворен повик | 890.000 | 455.020 | 51,13% |
| 18 | Ситен инвентар, алати и други материјали | отворен повик | 580.000 | 579.820 | 99,97% |
| 19 | Набавка на геодетска опрема | собирање понуди | 120.000 | 114.330 | 95,28% |
| 20 | Набавка на комплет ГНСС опрема за активни ГНСС станици заедно со комуникациски ормани | отворен повик | 12.500.000 | 9.452.103 | 75,62% |
| 21 | Лиценци за софтверски пакет за ГНСС станици | отворен повик | 3.000.000 | 2.998.490 | 99,95% |
| 22 | Опрема за греење И климатизација | отворен повик | 380.000 | | 0,00% |
| 23 | Гуми и резервни делови | собирање понуди | 250.000 | 249.644 | 99,86% |
| 24 | Косилка за трева | собирање понуди | 24.000 | 19.724 | 82,18% |
| 25 | Набавка на метални ормари | отворен повик | 1.200.000 | | 0,00% |
| 26 | Канцелариска опрема | отворен повик | 321.000 | | 0,00% |
| 27 | Огревен материјал дрва | собирање понуди | 140.000 | | 0,00% |
| 28 | Огревен материјал јаглен | собирање понуди | 34.000 | | 0,00% |
| 29 | Огревен материјал течни горива | отворен повик | 4.300.000 | | 0,00% |
| 30 | Безалкохолни пијалоци | собирање понуди | 300.000 | 300.000 | 100,00% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 31 | Новогодишни пакетчиња | собирање понуди | 300.000 | 0 | 0,00% |
| 32 | Надворешна ревизија на финансиско работење | отворен повик | 900.000 | 490.000 | 54,44% |
| 33 | Одржување на ел. мерач за евиденција на раб. време и систем "земи бројче" | собирање понуди | 100.000 | 100.000 | 100,00% |
| 34 | Одржување на системот за продукција и дистрибуција (ХЊ, ОС, САН маинтенанце) | отворен повик | 3.100.000 | 0 | 0,00% |
| 35 | Одржување на орацле СЕ | отворен повик | 930.000 | 0 | 0,00% |
| 36 | Одржување на ЕСРИ лиценци | отворен повик | 3.720.000 | 3.699.800 | 99,46% |
| 37 | Одржување на систем за видео надзор | собирање понуди | 100.000 | 100.000 | 100,00% |
| 38 | Одржување на софтвер за плати и перс. евиденција | собирање понуди | 220.000 | 74.000 | 33,64% |
| 39 | одржување на софтвер за материјална и финансиска евиденција | собирање понуди | 100.000 | 51.336 | 51,34% |
| 40 | Одржување на програмски софтвер за трезорско работење | собирање понуди | 60.000 | 38.040 | 63,40% |
| 41 | Одржување на на софтвер за материјално работење | собирање понуди | 100.000 | 57.600 | 57,60% |
| 42 | Сервисирање и одржување на ИТ опрема и мрежи | отворен повик | 1.000.000 | 1.000.000 | 100,00% |
| 43 | Одржување на алфа опен ВМС сервери | отворен повик | 600.000 | 600.000 | 100,00% |
| 44 | Сервисирање и одржување на копир апарати, тел.цен., тел.ап. Факсови и маш.за пиш | отворен повик | 500.000 | 500.000 | 100,00% |
| 45 | Сервисирање на електрична инсталација | собирање понуди | 300.000 | 300.000 | 100,00% |
| 46 | Сервисирање о одржување на систем за вентилација, клима уреди и цент. климатизација | отворен повик | 500.000 | 500.000 | 100,00% |
| 47 | Сервисирање на ПП апарати и хидрантска мрежа, громобрансак инсталација и адаптација и пп клапки | отворен повик | 1.000.000 | 1.000.000 | 100,00% |
| 48 | Сервисирање на водоводна инсталација и канализација | собирање понуди | 100.000 | 100.000 | 100,00% |
| 49 | Одржување на агрегат | собирање понуди | 120.000 | 96.810 | 80,68% |
| 50 | Одржување на лифт | собирање понуди | 120.000 | 120.000 | 100,00% |
| 51 | Одржување на инсталација за топловодно греење | собирање понуди | 120.000 | 120.000 | 100,00% |
| 52 | Услуги од агенции за вработување | отворен повик | 7.000.000 | 7.000.000 | 100,00% |
| 53 | Обезбедување на објект и физички лица | отворен повик | 500.000 | 334.800 | 66,96% |
| 53 | Изработка на проект | собирање понуди | 300.000 | | 0,00% |
| 54 | Сервисирање на моторни возила | отворен повик | 1.200.000 | 1.200.000 | 100,00% |
| 55 | Регистрација на моторни возила | отворен повик | 400.000 | | 0,00% |
| 55 | Печатени материјали | отворен повик | 850.000 | 833.900 | 98,11% |
| 57 | Хигиенотехничко одржување | собирање понуди | 300.000 | | 0,00% |
| 56 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | собирање понуди | 120.000 | 69.000 | 57,50% |
| 59 | Поправка и одржување на мебел | собирање понуди | 60.000 | | 0,00% |
| 57 | Одржување на зеленило | отворен повик | 500.000 | 423.700 | 84,74% |
| 58 | Систематски прегледи на вработените на АКН | отворен повик | 1.200.000 | 977.142 | 81,43% |
| 62 | Надзор на градежни работи | собирање понуди | 300.000 | | 0,00% |
| 63 | Преведувачи | собирање понуди | 100.000 | | 0,00% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 64 | Осигурување | отворен повик | 1.800.000 | | 0,00% |
| 65 | Изработка на студија за НИПП | отворен повик | 3.100.000 | | 0,00% |
| 66 | Пресметување на активна ГНСС мрежа | собирање понуди | 120.000 | | 0,00% |
| 59 | Комплетирање на Пасивна ГНСС мрежа | отворен повик | 1.200.000 | 635.000 | 52,92% |
| 68 | Пресметување на Пасивна ГНСС мрежа | собирање понуди | 120.000 | | 0,00% |
| 60 | Одржување на класична геодетска мрежа | собирање понуди | 300.000 | 202.966 | 67,66% |
| 70 | ГНСС одредување на ГТМ | отворен повик | 400.000 | | 0,00% |
| 71 | Гравимериски референтен систем -Апсолутна гравиметрија | отворен повик | 1.860.000 | | 0,00% |
| 61 | Услуги за кафемати | собирање понуди | 300.000 | 300.000 | 100,00% |
| 73 | Консултантски услуги | собирање понуди | 300.000 | | 0,00% |
| 74 | Изградба на паркинг простор | отворен повик | 10.700.000 | | 0,00% |
| 75 | Одржување на згради | отворен повик | 2.200.000 | | 0,00% |
| | | **ВКУПНО:** | **127.239.000** | **55.857.416** | **43,90%** |

## ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА АКН

Средствата за работа на АКН се обезбедуваат од Буџетот на РМ и средства остварени од сопствени приходи.
Приходите и расходите по сметките 637, 787 и 786 се дадени во следните табели:

## Табела бр 1: БУЏЕТСКА СМЕТКА 637

| **ставка/ програма** | **опис на ставка** | **Буџет 2009** | **реализација од 01.01.2009 до 31.05.2009** | **% на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| 401-10 | основни плати и надоместоци | 19.192.000 | 7.772.779 | 40,50 |
| 402-10 | придонеси за социјално осиг. | 8.025.000 | 2.615.394 | 32,59 |
| 403-10 | останати придонеси од плати | 4.000 | 3.635 | 90,88 |
| 413110-10 | разни трансфери-разновидни трош. | 107.906 | 107.906 | 100,00 |
| 421-10 | комунални услуги,греење,ком. | 6.597.000 | 4.199.831 | 63,66 |
| 464910-10 | разни трансфери-судски решенија | 574.908 | 574.908 | 100,00 |
| 464940-10 | разни трансфери-помош | 68.766 | 68.766 | 100,00 |
| 401-20 | основни плати и надоместоци | 176.942.000 | 75.313.204 | 42,56 |
| 402-20 | придонеси за социјално осиг. | 73.992.000 | 27.566.946 | 37,26 |
| 403-20 | останати придонеси од плати | 38.000 | 37.839 | 99,58 |
| 425-22 | договорни услуги | 2.800.000 | 0 | 0,00 |
| 483-2А | мебел, опрема,возила | 30.000.000 | 0 | 0,00 |
| 420-Л1 | патни и дневни расходи | 14.000 | 0 | 0,00 |
| 421-Л1 | комунални услуги,греење,ком. | 1.036.000 | 325.966 | 31,46 |
| 423-Л1 | ситен инвентар,алат и др. | 1.050.000 | 30.135 | 2,87 |
| 424-Л1 | поправки и тековно одржување | 1.050.000 | 10.155 | 0,97 |
| 425-Л1 | договорни услуги | 7.350.000 | 3.261.962 | 44,38 |
| 426-Л1 | други тековни расходи | 1.050.000 | 311.059 | 29,62 |
| 451-Л1 | каматни плаЌања | 7.800.000 | 7.756.275 | 99,44 |
| 481-Л1 | градежни објекти | 500.000 | 299.351 | 59,87 |
| 483-Л1 | мебел, опрема,возила | 3.500.000 | 61.202 | 1,75 |
| 485-Л1 | други нефинансиски средства | 500.000 | 0 | 0,00 |
| **Вкупно** | | **342.191.580** | **130.317.313** | **38,08** |

Буџетска програма 10 - Администрација

Буџетска програма 20 - Програма за премер и катастар

Буџетска програма 22 - Основни геодетски работи и картографија

Буџетска програма 2А - Геодетско катастарски информационен систем

Буџетска програма Л1 - Реформи на катастар и регистрација на недвижности

## Табела бр 2: СМЕТКА ЗА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 787

| ставка/ програма | опис на ставка | Буџет 2009 | реализација од 01.01.2009 до 31.05.2009 | % на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 420-10 | патни и дневни расходи | 3.000.000 | 515.274 | 17,18 |
| 421-10 | комунални услуги,греење,комуникац. | 7.000.000 | 3.593.811 | 51,34 |
| 401-20 | основни плати и надоместоци | 21.600.000 | 2.344.058 | 10,85 |
| 402-20 | придонеси за социјално осиг. | 8.810.000 | 5.346.905 | 60,69 |
| 403-20 | останати придонеси од плати | 90.000 | 0 | 0,00 |
| 420-20 | патни и дневни расходи | 7.500.000 | 2.182.540 | 29,10 |
| 421-20 | комунални услуги,греење,ком. | 17.816.000 | 8.672.096 | 48,68 |
| 423-20 | ситен инвентар,алат и др. | 18.000.000 | 7.497.402 | 41,65 |
| 424-20 | поправки и тековно одржување | 20.000.000 | 5.718.793 | 28,59 |
| 425-20 | договорни услуги | 28.750.000 | 15.464.061 | 53,79 |
| 426-20 | други тековни расходи | 26.292.000 | 17.218.143 | 65,49 |
| 464910-20 | плаќање по судски решенија | 192.000 | 191.260 | 99,61 |
| 481-20 | градежни објекти | 12.000.000 | 884.908 | 7,37 |
| 483-20 | мебел,опрема,возила и машини | 8.000.000 | 1.431.788 | 17,90 |
| 425-21 | договорни услуги | 3.100.000 | 0 | 0,00 |
| 483-22 | мебел,опрема,возила и машини | 12.500.000 | 0 | 0,00 |
| 485-22 | други нефинансиски средства | 3.000.000 | 0 | 0,00 |
| 485-2A | други нефинансиски средства | 60.000.000 | 0 | 0,00 |
| 425-K2 | договорни услуги | 350.000 | 31.800 | |
| **Вкупно** | | **258.000.000** | **71.092.839** | **27,56** |

| | | |
|---|---|---|
| пренесено салдо од 31.12.2008 | | 134.175.835,50 |
| приход од 01.01.-31.05.2009 | | 87.871.713,50 |
| вкупно средства до 31.05.2009 | | 222.047.549,00 |
| истрошени средства по ставки до 31.05.2009 | | 71.092.839,00 |
| салдо на сметката на 31.05.2009 | | 150.954.710,00 |

Буџетска програма 10 - Администрација

Буџетска програма 20 - Програма за премер и катастар

Буџетска програма 21 - Национална инфракструктура на просторни единици

Буџетска програма 22 - Основни геодетски работи и картографија

Буџетска програма 2А - Геодетско катастарски информационен систем

Буџетска програма К2 - Стручно оспособување и усовршување

## Табела бр 3: КРЕДИТ ОД СВЕТСКА БАНКА-СМЕТКА 786

| **ставка/ програма** | **опис на ставка** | **Буџет 2009** | **реализација од 01.01.2009 до 31.05.2009** | **% на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| 420-Л1 | патни и дневни расходи | 20.000 | 0 | 0,00 |
| 421-Л1 | комунални услуги,греење,комуникац. | 2.680.000 | 327.630 | 12,23 |
| 423-Л1 | ситен инвентар,алат и др. | 2.600.000 | 102.552 | 3,94 |
| 424-Л1 | поправки и тековно одржување | 1.800.000 | 48.294 | 2,68 |
| 425-Л1 | договорни услуги | 122.000.000 | 31.808.608 | 26,07 |
| 426-Л1 | други тековни расходи | 4.400.000 | 1.223.808 | 27,81 |
| 481-Л1 | градежни објекти | 1.500.000 | 1.461.523 | 97,43 |
| 483-Л1 | мебел,опрема,возила и машини | 14.000.000 | 162.585 | 1,16 |
| 485-Л1 | други нефинансиски средства | 1.350.000 | 0 | 0,00 |
| | **Вкупно** | **150.350.000** | **35.135.000** | **23,37** |

Буџетска програма Л1 - Реформи на катастар и регистрација на недвижности

Врз основа на претходно изнесеното, Агенцијата за катастар на недвижности и предлага на Владата на Република Македонија да ги донесе следните

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Владата на Република Македонија го разгледа и го усвои шестомесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности.
2. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да го продолжи и заокружи процесот на востановување на катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија.
3. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да продолжи со понатамошните реформи кои значат целосно имплементирање на Законот за катастар на недвижности.